Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за усвојување на Годишни Програми за работата во учебната 2009/2010 година на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишните Програми за работа во учебната 2009/2010 година на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесетата Седница на Советот, одржана на ден 25.09.2009 година.

**Број 08- 2842/1**
**од 28.09.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на Единаесеттата Седница одржана на ден 25.09.2009 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишните Програми за работа во учебната 2009/2010 година на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се усвојуваат Годишните Програми за работа во учебната 2009/2010 година на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров и тоа :

- Годишна Програма за работата на О.У. Ѓорче Петров за учебната 2009/2010 година,
- Годишна Програма за работата на О.У.Мирче Ацев за учебната 2009/2010 година,
- Годишна Програма за работата на О.У. Димитар Поп Георгиев Беровски за учебната 2009/2010 година,
- Годишна Програма за работата на О.У. Страшо Пинџур за учебната 2009/2010 година,
- Годишна Програма за работата на О.У. Тихомир Милошевски за учебната 2009/2010 година,
- Годишна Програма за работата на О.У. Јоаким Крчоски за учебната 2009/2010 година .

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07- 2764/3**
**25.09.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на Детска градинка *Росица* за периодот 2008/2009 година - Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишен извештај за работата на Детска градинка *Росица* за периодот 2008/2009 година - Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Единаесетата Седница на Советот, одржана на ден 25.09.2009 година.

**Број 08-2842/2**
**од 28.09.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на Единаесеттата Седница одржана на ден 25.09.2009 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишниот извештај за работата на Детската градинка *Росица* за периодот 2008/2009 година**

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај за работата на Детската градинка *Росица* за периодот 2008/2009 година .

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2764/4**
**25.09.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за усвојување на Годишна Програма за работата на ЈОУДГ *Росица* за период од 2009/2010 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишната Програма за работата на ЈОУДГ *Росица* за период од 2009/2010 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесетата Седница на Советот, одржана на ден 25.09.2009 година.

**Број 08- 2842/3**
**од 28.09.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на Единаесеттата Седница одржана на ден 25.09.2009 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишна Програма за**
**работата на ЈОУДГ *Росица* за период од 2009/2010 година**

**Член 1**

Се усвојува Годишната Програма за работа на ЈОУДГ *Росица*за период од 2009/2010 година .

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2764/5**
**25.09.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈОУДГ *Росица*,**
**Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈОУДГ *Росица* Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесетата Седница на Советот, одржана на ден 25.09.2009 година.

**Број 08- 2842/4**
**од 28.09.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 100 став 2 од Законот за Заштита на децата (Службен Весник на Р.М. број 98/2000, 17/03, 65/04, 113/05 и 83/09), а согласно Одлуката за пренесување на основачките права над постојните јавни установи за деца-детски градинки на Општините во Градот Скопје и пренесување на правото на сопственост на објектите (Службен Весник на Р.М. број 51/05) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на Единаесетата Седница на Совет, одржана на ден 25.09.2009 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈОУДГ *Росица* , Ѓорче Петров-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈОУДГ *Росица* Ѓорче Петров-Скопје бр.02-180/14 ОД 31.08.2009 година, донесена од страна на Управниот Одбор на ЈОУДГ *Росица* Ѓорче Петров-Скопје, на седницата одржана на 31.08.2009 година.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2764/6**
**од 25.09.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места на ЈОУДГ *Росица*, Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места на ЈОУДГ *Росица* Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесетата Седница на Советот, одржана на ден 25.09.2009 година.

**Број 08- 2842/5**
**од 28.09.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 100 став 2 од Законот за заштитан а деца (Службен Весник бр. 98/2000, 17/03, 65/04, 113/05 и 83/09), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник бр.5/02) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров(Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на Единаесетата седница одржана на 25.09.2009 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за давање на согласност на Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места на Јавната општинска установа за деца-детска градинка *РОСИЦА* Ѓорче Петров -Скопје**

**Член 1**

Со ова Одлука се дава согласност на Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места на Јавната општинска установа за деца - детска градинка *РОСИЦА* Ѓорче Петров - Скопје број 02-180/18 од 31.08.2009 година, донесена на седница на Управниот одбор на ЈОУДГ*РОСИЦА* Ѓорче Петров - Скопје на ден 31.08.2009 година.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2764/7**
**Од 25.09.2009 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот со намена здравство, со определување на градежна парцела во рамки на плански опфат**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот со намена здравство, со определување на градежна парцела во рамки на плански опфат, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесетата Седница на Советот, одржана на ден 25.09.2009 година.

**Број 08- 2842/6**
**од 28.09.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина „Ѓорче Петров“ („Службен гласник на Град Скопје“ бр 5/2006) и член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија“ број 51/05,137/07 и 91/09 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на Единаесетата седница одржана на ден 25.09.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот со намена здравство, со определување на градежна парцела во рамки на плански опфат**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела со намена здравство, во граници на плански опфат дефиниран според ГУП на град Скопје.

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се утврдува потребата за изработка на локална урбанистичка планска документација, претставува неоформена градежна парцела со намена здравство, до која постои изградена сообрќајна инфраструктура.

**Ч л е н 3**

Површината на градежната парцела и границите на планскиот опфат ќе се определат во процесот на изработка на урбанистичката планска документација.

**Ч л е н 4**

Составен дел на оваа одлука е графички прилог- извод од ГУП на град Скопје и извод од ДУП Јурија.

**Ч л е н 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2764/8**
**од 25.09.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за висина на надоместоците за ангажирани надворешни стручни и научни лица**

Се објавува Одлуката за висина на надоместоците за ангажирани надворешни стручни и научни лица , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесетата Седница на Советот, одржана на ден 25.09.2009 година.

**Број 08- 2842/7**
**од 28.09.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5./02 и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров ( Службен Гласник на општина Ѓорче Петров бр.5/06) Советот на општина Ѓорче Петров на Единаесетата седница одржана на ден 25.09. 2009 година, ја донесе следната

# **О Д Л У К А**
## **за определување на надоместоците за ангажирани надворешни стручни и научни лица**

### **Член 1**

Со ова одлука се утврдуваат критериумите и начинот за определување на висината на надоместоците на стручни и научни лица кои се ангажираат како членови на стручни тела или како поединци за вршење на стручни и научни работи или за помагања во вршење на работи од надлежност на Општината.

### **Член 2**

Надоместокот за учество на стручни лица во работата на Комисија за разгледување и одобрување на локална урбанистичка документација, како и за давање на стручно мислење на нацрт планови, кои треба да се работат по барања на физички и правни лица, ќе се определува со Решение од страна на Градоначалникот на Општината, кој надоместок неможе да биде повисок од 6.000,оо денари по предмет.

Средствата за исплаќање на надоместокот ќе бидат обезбедени во Буџетот на општина Ѓорче Петров

Општината надоместокот од став 1 на овој член во бруто износ ќе го наплаќа од подносителите на барањата.

### **Член 3**

Одлуката стапува на сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2764/9**
**од 25.09.2009 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за висина на надоместоците за ангажирани надворешни стручни и научни лица во Одбори за подигање на спомен-обележја**

Се објавува Одлуката за висина на надоместоците за ангажирани надворешни стручни и научни лица во Одбори за подигање на спомен-обележја, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесетата Седница на Советот, одржана на ден 25.09.2009 година.

**Број 08- 2842/8**
**од 28.09.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5./02 и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров ( Службен Гласник на општина Ѓорче Петров бр.5/06) Советот на општина Ѓорче Петров на Единаесетата, седница одржана на ден 25.09.2009 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за определување на надоместоците за ангажирани надворешни стручни и научни лица во Одбори за подигање на спомен-обележја**

**Член 1**

Општина Ѓорче Петров, согласно Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со подигање на спомен обележја и Одлуките за нивно подигање, има потреба од ангажирање на надворешни стручни и научни лица.

**Член 2**

За работно ангажирање на надворешни стручни и научни лица во Одборте за подигање на спомен обележја, се определува надоместок за секое поединечно лице во висина од 20.000,оо дена.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2764/10**
**од 25.09.2009 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за именување на членови во Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија**

Се објавува Одлуката за именување на членови во Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесетата Седница на Советот, одржана на ден 25.09.2009 година.

**Број 08- 2842/9**
**од 28.09.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22 став1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник” на РМ бр.5/2002), член 15, став 1, точка 4 алинеа 3 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник” на РМ бр.55/2004), член 37 од Законот за концесии и други видови на јавно - приватно партнерство (“Сл.Весник на РМ” бр.7/2008 И 64/2009) , член 16 став 1точка 37од Статутот на Општината Ѓорче Петров (“Службен Гласник” на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) и Одлука бр. 07-481/8 од 26.02.2009 година од Советот на Општина Ѓорче Петров, Советот на Општина Ѓорче Петров на Единаесетата седница, одржана на ден 25.09.2009 година донесе

**О Д Л У К А**
**за именување на членови во Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија**

**Ч л е н 1**

За членови во Комисијата за спроведување на постапка за доделување на концесија за вршење на јавна услуга собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од руралниот дел на Општина Ѓорче Петров, од редовите на членовите на Советот на Општината, се именуваат следните лица:

1. Мирослав Наумовски
2. Драган Трпевски
3. Благојче Атанасовски

**Ч л е н 2**

Членовите на Советот, именувани како членови на Комисијата за спроведување на Концесија, која ќе ја формира Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, се должни редовно да учествуваат во работата на Комисијата, согласно надлежностите на Комисијата утврдени со Закон.

**Ч л е н 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во “Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров " .

**Број 07-2764/11**
**од 25.09.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

***У.бр.25-2947/3-09***

**ЈАВНА ОБЈАВА**

**(Врз основа на член 86 од Законот за општата управна постапка *Службен Весник на РМ* број 38/05 и 110/08)**

Органот Министерство за финансии,Управа за имотно правни работи,Подрачно одделение Карпош, Скопје, постапувајќи по предлогот за експропријација на Општина ѓорче Петров У.број 20-2622/1926/1 од 24.09.2009 година за експропријација на недвижност што е во сопственост на Петрески Алексо Јован од с.Бардовци од Скопје, а **за изградба на *Локален пат од клучка Волково до спој во Стопански двор со локален пат за с.Свиларе*,** заради спроведување на постапката за експропријација, на ден 28.09. 2009 година, го

**ПОВИКУВА**

Лицето Петрески Алексо Јован од с.Бардовци од Скопје да се јави во канцеларија број 9 на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи, Подрачно одделение Карпош, Скопје, **заради доставување на решението У.бр.25-2947/2-09 од 24.09.2009 година** и тоа во рок од 8(осум)дена, сметано од денот на објавување на оваа јавна објава во јавно гласило.

Се предупредува странката Петрески Алексо Јован од Скопје, дека ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава и дека негативните последици кои може да настанат ги сноси самата странка.

Министерство за финансии
Управа за имотно правни работи
Подрачно одделение Карпош,Скопје

*У.бр.25-614/3-09*

**ЈАВНА ОБЈАВА**

**(Врз основа на член 86 од Законот за општата управна постапка *Службен Весник на РМ* број 38/05 и 110/08)**

Органот Министерство за финансии,Управа за имотно правни работи,Подрачно одделение Карпош, Скопје, постапувајќи по предлогот за експропријација на Општина ѓорче Петров У.број 22-186/1 од 27.01.2009 година за експропријација на недвижност Што е во сопственост на Трајковска Загорка од Скопје, а за изградба на *Локален пат од клучка Волково до спој во Стопански двор со локален пат за с.Свиларе*, заради спроведување на постапката за експропријација, на ден 28.09.2009 година, го

**ПОВИКУВА**

Лицето Трајковска Загорка од Скопје да се јави во канцеларија број 8 на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи, Подрачно одделение Карпош, Скопје, **заради доставување на решението У.бр.25-614/2-09 од 29.04.2009 година** и тоа во рок од 8(осум)дена, сметано од денот на објавување на оваа јавна објава во јавно гласило.

Се предупредува странката Трајковска Загорка од Скопје, дека ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава и дека негативните последици кои може да настанат ги сноси самата странка.

Министерство за финансии
Управа за имотно правни работи
Подрачно одделение Карпош,Скопје